Ул. Вуковарска 23-1/2, Поштенски фах 1090/1010,
1000 Скопје, Тел. +389 2 2614 641; e-mail: antico@t.mk,
contact@antiko.org.mk; www.antiko.org.mk

**ПОКАНА**
**за учество во активности во рамки на Меѓународна Кампања „16 дена активизам против насилство врз жени и девојчиња“**
**под мотото „Стави крај на насилството врз жените и семејното насилство“**

Почитувани,

Особена чест и задоволство ни е да ве покaниме на престојните **активности кои АНТИКО ги организира во рамките на Кампањата „16 дена активизам за борба против насилството врз жените и девојчињата“**. Во текот на 16 дена, организациите членови и соработниците на мрежата на АНТИКО ќе реализираат **17 настани – работилници и трибини, во 14 локални заедници на Република Македонија** односно во Тетово, Гостивар, Ресен, Пробиштип, С.Будаково-Могила, Куманово, Липково, Јегуновце, Делчево, Кичево, Теарце, Шуто Оризари, С.Канатларци-Прилеп и Општина Аеродром. Покрај работилниците и трибините ќе се врши и дистрибуција на промотивно-едукативен материјал.

**Целите на активностите на кампањата** и на промотивно-едукативниот материјал се: да се даде придонесе кон зголемување на јавната свест и информираноста за мерките кои треба да се превземат во однос на проблемот на насилството врз жените и девојчиња, и семејното насилство на локално и национално ниво.

**Имено, наша главна цел е**: да се овозможи превенирање на насилството и подобрување на заштитата на потенцијалните жртви, но и да се потсетат **сите надлежни државни институции и други засегнати страни** за потребата да се обезбеди нивно активно, организирано, координирано и ефикасно приклучување кон заложбите за елиминирање на сите форми на насилството врз жените и девојките, во согласност со „Законот за превенција, спречување и заштита од семејно насилство“ на Р. Македонија.

Активностите на кампањата се насочени кон сензибилизирање на младата популација од урбано и рурално поднебје и на претставниците на државните институции во насока на формирање позитивни ставови во однос на родовата рамноправност и еднаквите можности сè со цел елиминирање на родовите предрасуди и стереотипи кои создаваат “плодно тло” за одржување на насилството.

Со оваа кампања АНТИКО дава активен придонес кон создавањето на еден побезбеден свет и достоинствен живот без насилство и почитување на правата на секоја индивидуа.

Подетални информации за овогодинешните настани и активности можете да најдете во табелата на следната страна и на веб страницата на АНТИКО www.antiko.org.mk.

Со почит,
ЖЕНСКА ГРАЃАНСКА ИНИЦИЈАТИВА АНТИКО



Цивика мобилитас е проект на Швајцарската агенција за развој и соработка (SDC), кој го спроведуваат NIRAS од Данска, Македонскиот центар за меѓународна соработка (МЦМС) и Шведскиот институт за јавна администрација (SIPU).

Ул. Вуковарска 23-1/2, Поштенски фах 1090/1010,
1000 Скопје, Тел. +389 2 2614 641; e-mail: antico@t.mk,
contact@antiko.org.mk; www.antiko.org.mk

| | Датум | Општина | Локација | Час | Вид и тема на активност |
|---|---|---|---|---|---|
| **1** | 25.11.2017 | 14 општини | 14 општини | TBD | Соопштение за медиуми, најава |
| **2** | 27.11.2017 | Тетово | ОУ Гоце Делчев | 11-13 h | Работилница со педагошка стручна служба на тема „Чекори кон подобра заштита од насилството врз жени и семејното насилство“ |
| **3** | 27.11.2017 | Ресен | Совет на О. Ресен | 15-17 h | Работилница со жени на тема „Координирано планирање и спроведување мерки за заштита и услуги за поддршка на жените жртви од семејно насилство“ |
| **4** | 28.11.2017 | Пробиштип | ОУ Браќа Миладиновци | 13-15 h | Работилница со ученици од 9то одделение на тема „Препознавање и заштита од родово базираното насилство“ |
| **5** | 28.11.2017 | Општина Аеродром | Урбана заедница на Горно Лисиче Запад | 19-20 h. | Работилница со жени на тема „Препознавање, превенција и заштита од родово базираното насилство“ |
| **6** | 29.11.2017 | Могила | ОУ Браќа Миладиновци – С. Будаково | 12-14 h | Работилница со жени од рурални средини на тема „Препознавање и заштита од родово базираното насилство“ |
| **7** | 29.11.2017 | Куманово | ОУ Браќа Рибар – С. Сопот | 11-13h | Работилница со жени од рурални средини на тема „Препознавање и заштита од родово базираното насилство“ |
| **8** | 30.11.2017 | Липково | Совет на О. Липково | 13-15 h | Интерсекторска работилница на тема „Координирано планирање и спроведување на мерки за поддршка и заштита“ |
| **9** | 30.11.2017 | Јегуновце | ООУ Симче Настовски – С. Вратница | 12-14 h | Работилница со ученици од 8-9то одделение на тема „Родово базирано насилство“ |
| **10** | 01.12.2017 | Гостивар | ЈУ Меѓуопштински центар за социјална работа | 12-14 h | Интерсекторска работилница на тема „Координирано дејствување- превземање на |

Ул. Вуковарска 23-1/2, Поштенски фах 1090/1010,
1000 Скопје, Тел. +389 2 2614 641; e-mail: antico@t.mk,
contact@antiko.org.mk; www.antiko.org.mk

| | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|
| | | | Гостивар | | адекватни мерки од делокругот на надлежности на сите релевантните служби“ |
| **11** | 01.12.2017 | Делчево | Дневен центар за лица со посебни потреби | 11-13 h | Работилница со млади со посебни потреби на тема „Заштита од родово базирано насилство“ |
| **12** | 04.12.2017 | Куманово | Совет на О. Куманово | 12-14 h | Интерсекторска работилница на тема „Координирано дејствување – планирање на услуги за оснажување и поддршка“ |
| **13** | 04.12.2017 | Кичево | ОСУ Дрита | 14-16h | Работилница со средношколци на тема „Препознавање и заштита од родово базираното насилство“ |
| **14** | 05.12.2017 | Теарце | ОУ Кирил Пејчиновиќ | 12:30-14:30h | Работилница со ученици од 8-9то одделение на тема „Препознавање и заштита од родово базираното насилство“ |
| **15** | 06.12.2017 | Гостивар | Црвен Крст Гостивар | 12-14 h | Работилница со млади на тема „Облици на насилство врз жените и домашното насилство и мерки на заштита“ |
| **16** | 06.12.2017 | Тетово | ОСУ Кирил Пејчиновиќ | 13-15 h | Работилница со средношколци од 1ва до 4та година на тема „Препознавање и заштита од родово базираното насилство“ |
| **17** | 07.12.2017 | Шуто Оризари | ОУ 26ти Јули | 12-14 h | Работилница со ученици од 8-9то одделение на тема „Препознавање и заштита од родово базираното насилство“ |
| **18** | 07.12.2017 | Прилеп | ОУ Кирил и Методиј – С. Канатларци | 12-14 h | Работилница со жени од рурални средини на тема „Облици на насилство врз жените и домашното насилство и мерки на заштита“ |
| **19** | 09.12.2017 | 14 општини | 14 општини | TBD | Соопштение за медиуми – резултати по спроведените активности |